**Изјава за печат:**
**Кетлин Стивенс, заменик помошник на државниот секретар за Европа и Евроазија**
**21 јули 2004**

Денес разговаравме за подршката што владата на САД ја дава за пакетот на закони за децентрализација што беше договорен од коалиционите партнери на 15 јули. Со министерката за надворешни работи разговаравме и за други билатерални прашања.

Веруваме дека пакетот за децентрализација што беше договорен од коалиционите партнери е во согласност со Рамковниот договор и како резултат, ќе создаде финансиски функционални, само-одржливи општини со што ќе се подобри животот на сите граѓани. Нашите партнери во меѓународната заедница се согласуваат. Ги поздравуваме лидерите на коалицијаат за искажаното државништво, потрагата по компромис и за ставање на прво место на интересите на сите граѓани на Македонија во процесот на преговарање.

Според нас, договорот не создава етнички поделби, туку напротив ги интегрира етничките заедници и е поттик за заедниците да работат заедно, а со цел локалната власт да им служи на граѓаните. Исто така, веруваме дека договорот е токму она политичко решение кое помага во унапредувањето на стабилноста преку која ќе се привлечат странски инвестиции.

Сугерираме експедитивна акција на законодавците во усвојувањето на пакетот закони за децентрализација. Разбираме дека опозиционите партии можеби нема да се сложат со пакетот. Но сепак, парламентарните системи и даваат на опозицијата огромен простор да дебатира за такви предлози. Провокативни и недемократски активности како што е блокада на Парламентот или обиди да се застрашат политичките лидери во владата за да ги повлечат гласовите може да доведе до несакани и несогледливи последици.